МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 17 став (4) од Законот за квалитетот на земјоделските производи („Службен весник на Република Македонија" бр.140/10, 53/11, 55/12 и 106/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ВИДОВИТЕ НА ХРАНА ЗА ЖИВОТНИ КОЈА СЕ СТАВА ВО ПРОМЕТ, СТАНДАРДИТЕ ЗА КВАЛИТЕТ, ДОЗВОЛЕНИТЕ КОЛИЧИНИ НА ДОДАТОЦИ ВО ХРАНАТА ЗА ЖИВОТНИ, НАЧИНОТ НА ПАКУВАЊЕ, ОЗНАЧУВАЊЕ, ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ (*)

*Со овој правилник се врши усогласување со Регулативата бр. 767/2009 на Европскиот парламент и на Советот од 13 јули 2009 година за ставање во промет и употреба на храна за животни, со која се изменува Регулативата на Европскиот парламент и Советот бр. 1831/2003, а се отповикува Директивата на Советот бр. 79/373/ЕЕЗ, Директивата на Комисијата бр.80/511/ЕЕЗ, Директивите на Советот бр. 82/471/ЕЕЗ, бр. 83/228/ЕЕЗ, бр. 93/74/ЕЕЗ, бр. 93/113/ЕК и бр. 96/25/ЕС и Одлуката на Комисијата бр. 2004/217/ЕК, CELEX бр. 32009R0767.

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се пропишуваат видовите на храна за животни која се става во промет, стандардите за квалитет, дозволените количини на додатоци во храната за животни, начинот на пакување, означување, транспорт и складирање.

### Член 2

Одделни поими употребени во овој правилник, го имаат следното значење:

1. „Кршок од зрна на пченка" се скршени зрна кои минуваат низ сито со квадратни отвори од 5 mm.

2. „Погачи" се производи добиени во производството на масло, со пресување (со хидраулична или механичка постапка) од технички подготвено семе, 'ртулци и јатки (мелени, лупени и/или загревани).

3. „Сачми" се производи добиени при производство на масло со екстракција од технички подготвено (лупено, мелено, загревано и пресувано) семе, 'ркулци и јатки.

4. „Лушпи" се обвивки на семето на маслодајните култури со помала содржина на масло и протеини и се користат во изработка на смесите.

5. „Сушени растителни производи" се растенија или нивни делови исушени до степен до кој може да се чуваат без расипување.

6. „Храна за животни од животинско потекло" се производи кои се добиени со преработка на делови од животни и нивни производи.

7. „Месни брашна" се производи добиени по пат на сушење и мелење на месо и внатрешни органи, без желудник, црева, пердуви, рогови и копита, со констенлива до темноконстенлива боја, без мирис на запаленост.

8. „Месно-коскени брашна" се производи добиени со сушење и мелење на месо и коски од животни или нивни мрши, со темноконстенлива боја, без мирис на запаленост својствен за месно-коскеното брашно.

9. „Месно-кожно брашно" е производ добиен со сушење и мелење на месо и делови од кожа пред штавењето, без влакна и без присуство на хром.

10. „Додатоците на храната за животни" се супстанции кои се додаваат на крмните смеси заради подобрување на хранителната вредност, подобро искористување на храната, зголемување на заштитното делување против болести, како и заради продолжување на нивната трајност, поедноставување на производниот процес во приготвување на крмните смеси и при боењето на животинското месо и јајцата од живина.

11. „Емулгатори" се супстанции кои овозможуваат потполно мешање на суровите масти во водата.

12. „Премикси" се производи богати со витамини, минерални материи, аминокиселини и дозволени додатоци, кои се хомогено измешани со носачот.

13. „Производна спецификација“ е документ во кој е опишана технолошката постапка за производство на производот, а во кој е наведен процентот на учеството на основните компоненти во производот и е содржан извештајот од лабораториската анализа на производот.

## II. СТАВАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА ПОСЕБНИ ВИДОВИ НА ХРАНА ЗА ЖИВОТНИ

### 1. Видови на храна за животни

#### Член 3

Храната за животни која што се става во промет во смисла на овој правилник може да биде:

1) Суровини за храна за животни и тоа:

- зрнеста храна ( жита, зрна од легуменози и маслодајни растенија);

- храна за животни од прехранбена индустрија:

а) производи и споредни производи од мелничарството;

б) споредни производи на индустријата за скроб;

в) производи и споредни производи на индустријата за алкохол и вриење;

г) производи и споредни производи на индустријата за шеќер и производство на аскорбинска киселина и

д) производи и споредни производи на индустријата за масло (погачи, сачми и лушпи);

- споредни производи од дехидрирана кабаста храна;

- храна за животни од животинско потекло (рибино брашно, брашно од отпадоци добиени при колење и преработка на живината, месно брашно, месно-коскено брашно, месно-кожно брашно, крвно брашно, плазма, брашно од црн дроб, маст и рибино масло, полномасно и обрано млеко, сурутка, албумини и казеин);

- храна за животни со додаток на непротеински азотни соединенија и

- минерална храна за животни;

2) Додатоци на храната за животни;

3) Мешана храна за животни и тоа:

- премикси;

- потполни крмни смеси и тоа:

а) потполни крмни смеси за исхрана на свињи;

б) потполни крмни смеси за исхрана на говеда;

в) потполни крмни смеси за исхрана на живина;

г) потполни крмни смеси за исхрана на овци;

ѓ) потполни крмни смеси за исхрана на кози;

е) потполни крмна смеса за исхрана на куникули;

ж) потполни крмни смеси за исхрана на коњи;

з) потполни крмни смеси за исхрана на риби и

ѕ) потполни крмни смеси за исхрана на домашни миленици (кучиња и мачки);

- дополнителни крмни смеси и тоа:

а) дополнителни крмни смеси за исхрана на свињи;

б) дополнителни крмни смеси за исхрана на говеда;

в) дополнителни крмни смеси за исхрана на живина и

г) дополнителни крмни смеси за исхрана на овци.

## 2. Ставање во промет на суровини за храна на животни

## 2.1. Зрнеста храна

### Член 4

Житата кои се ставаат во промет како храна за животни треба да ги исполнуваат следните стандарди за квалитет и тоа:

1. Изгледот и бојата да се карактеристични за видот и подвидот на житната култура;

2. Зрното треба да биде здраво, зрело, со карактеристичен мирис и вкус својствен за видот, без мувла, не заразено од болести и штетници и не треба да содржи штетни примеси повеќе од дозволеното;

3. Максимално дозволено присуство на примеси е 3% и тоа:

- 1 % неоргански примеси кои не се штетни по здравјето на животните; и

- 2 % други органски примеси (делови од стебленца, лисја, зрна од други растенија) од кои максималното дозволено присуство на кокол е до 0,4%, а максималното присуство на зрна на плевели кои се штетни по здравјето на домашните животни (Lolium temulentum, Lolium remotum и Datura stramonium) е до 0,1%;

4. Потемно обоените зрна и ртулци да не бидат повеќе од 3%, од кои може да има до 0,3% мувлосани зрна;

5. Зрната оштетени од штетници во складиштата да не бидат повеќе од 4%, без присуство на живи инсекти;

6. Скршените, неразвиените, штурите и изртените зрна да не бидат повеќе од 5%, од кои се дозволени до 0,2% изгорени зрна;

7. Зрната не треба да имаат мирис и вкус на штетници од складиштата, мувли, семиња од плевели, гламници, други примеси, средства за заштита на растенијата и сузбивање на складишните штетници; и

8. Примесите од семињата на други житни растенија не треба да бидат повеќе од 5%.

### Член 5

(1) Житата кои се ставаат во промет како храна за животни во однос на хектолитарската маса и влага треба да ги исполнуваат следните стандарди за квалитет:

| Реден број | Вид на житно растение | Опис на видот | Хектолитарска маса, цело зрно, минимум | Влага најмногу % |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Пченка | Зрно од пченка (Zea mays) | 650 kg/m$^3$ | до 14 |
| 2 | Пченица | Зрна од пченица (Triticum vulgare, Triticum durum, Triticum turgidum) | 680 kg/m$^3$ | до 14 |
| 3 | Тритикале | Зрна од Triticale | 680 kg/m$^3$ | до 14 |
| 4 | Рж | Зрна од рж (Secale cereale) | 600 kg/m$^3$ | до 14 |
| 5 | Јачмен | Зрна од јачмен (Hordeum sativum) | 600 kg/m$^3$ | до 14 |
| 6 | Овес | Зрна од овес (Avena sativa) | 500 kg/m$^3$ | до 14 |
| 7 | Сирак | Зрна од сирак (Andropogon sorghum californicum) со најмногу 1% танини | 600 kg/m$^3$ | до 14 |
| 8 | Ориз | Цели и искршени зрна од лупен ориз (Oriza sativa) со најмалку 93% лупени зрна | 350 kg/m$^3$ | до 14 |
| 9 | Просо | Zrna od proso (Panicum miliaceum) | 650 kg/m$^3$ | до 14 |
| 10 | Скршени зрна од жита | Споредни производи добиени при комбајнирање, вршење и припрема на житата | - | до 14 |
| 11 | Прекрупа на жита | Здробени и иситнети зрна од жита со најмалку 53% скроб | - | до 14 |

(2) Житата кои се ставаат во промет како храна за животни во однос на хемискиот состав на житата треба да ги исполнуваат следните стандарди за квалитет:

| Реден број | Вид на жито | Сурови протеини најмалку % | Сурова маст најмалку % | Сурово влакно до % | Пепел до % | БЕМ најмалку % | Каротин mg/kg |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Пченка, жолта | 7.0 | 2.0 | 2.2 | 1.3 | 71.2 | 2 |
| 2 | Пченица | 10.0 | 1.5 | 2.8 | 2.0 | 68.7 | 1 |
| 3 | Тритикале | 11.0 | 1.5 | 1.7 | 1.7 | 68.0 | - |
| 4 | Рж | 11.0 | 1.5 | 2.8 | 2.1 | 67.0 | - |
| 5 | Јачмен | 10.0 | 1.5 | 4.8 | 2.4 | 65.8 | - |
| 6 | Овес | 10.0 | 3.0 | 10.1 | 3.9 | 57.8 | 1 |
| 7 | Сирак | 10.0 | 2.0 | 2.0 | 1.7 | 68.9 | - |
| 8 | Ориз | 6.5 | 1.0 | 10.0 | 4.4 | 62.9 | - |
| 9 | Просо | 10.5 | 2.5 | 6.3 | 3.1 | 62.0 | 1 |

Член 6

(1) Пченката која се става во промет како храна за животни во зависност од нејзините својства може да се распореди во една од следните класи

| Други својства на пченката за исхрана на животни | КЛАСА | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | I | II | III | IV | V |
| А) Примеси од надворешно потекло | | | | | |
| - примеси од неорганско потекло | - | 0.50 | 1 | 1 | 2 |
| - штетни примеси (семе од отровни растенија) | - | 0.50 | 1 | 1 | 1 |
| - нечистотии од органско потекло | 1 | 1 | 1 | 2 | 3 |
| Б) оштетени зрна, % | | | | | |
| - скршени зрна | 2 | 3 | 4 | 8 | 11 |
| - оштетени зрна (расипани, мувлосани, изгрицкани и сл.) | 1 | 1.50 | 2 | 2.50 | 3 |
| - зрна оштетени при сушење | 0 | 0.50 | 1 | 1.50 | 2 |
| Вкупна содржина на примеси од страно потекло и оштетени зрна во % | 4 | 7 | 10 | 16 | 22 |

храна за животни треба да ги исполнува следните стандарди за квалитет и тоа:

- зрното во класот да е здраво и без видливи знаци на мувла;

- максимална дозволена содржина на влага во зрното да биде до 14%; и

- соодносот на зрното и кочанот да биде најмалку 72:28.

Член 7

Легуменозните зрна кои се ставаат во промет како храна на животни треба да ги исполнуваат следните стандарди за квалитет и тоа:

1. Бојата да е својствена за видот, подвидот и сортата;

2. Максимална дозволена содржина на влага во зрното да биде до 13%;

3. Содржината на примеси да не биде повеќе од 5%, од кои:

а) најмногу до 1% неоргански примеси (земја, песок, прашина и др.);

б) најмногу до 0,5% штетни примеси (семе од отровни и штетни растенија) и

в) најмногу до 3,5% други примеси (органски соединенија, семе од диви растенија и друго);

4. Вкупната содржина на оштетени, неразвиени, празни и изртени зрна да не биде повеќе од 8%;

5. Да не содржанат семе од свиларка (Cuscuta sp.) и

6. Примесите на зрна од други легуминозни растенија не треба да бидат поголеми од 10%.

Член 8

Легуминозните зрна кои се ставаат во промет како храна за животните треба да ги исполнуваат следните стандарди за квалитет:

| Реден број | Вид легуменози | Опис | Сурови протеини најмалку % | Сурова маст најмалку % | Влага % | Сурово влакно до % | Пепел до % | Активност на уреаза N/g/min | Каротин најмалку Mg/kg |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Грашок | Зрна од грашок за хумана исхрана и сточен грашок (Pisum sativum, Pisum arvense) | 22 | 1 | 12 | 7 | 3.5 | - | 2 |
| 2 | Боб | Зрна од боб од видот (Vicia faba) | 25 | 1 | 12 | 9 | 6 | - | - |
| 3 | Граорица | Зрна од граорица (Vicia saliva, Vicia panonica, Vicia villosa) | 27 | 1.5 | 11 | 6.5 | 3.5 | - | 3 |
| 4 | Соја | Термички обработено зрно од соја (Glicine hispida) | 38 | 18 | 12 | 5 | 6 | 0.50 | 1 |
| 5 | Гуар | Термички обработено зрно од гуар (Cyamopsis psoraloides) | 40 | 5 | 12 | 15 | - | - | - |
| 6 | Лупина блага | Зрна од лупина (Lupinus luteus, Lupinus angustifolius, Lupinus albus) | 37 | 10 | 12 | 11 | 3.5 | - | 1 |
| 7 | Грав | Зрна од грав (Phaseolus vulgaris) | 22 | 1.5 | 12 | 4 | 3.6 | - | - |
| 8 | Леќа | Зрна од леќа (Lens esculenta) | 26 | 1.3 | 12 | 4 | 3.5 | - | - |
| 9 | Наут | Зрна од наут (Cicer arientinum) | 18 | 4 | 14 | 5 | 5 | - | - |

Член 9

Зрната од маслодајните растенија кои се ставаат во промет како храна за животните треба да ги исполнуваат следните стандарди за квалитет:

| Реден број | Вид на маслодајно растение | опис | Сурови протеини најмалку % | Сурова маст најмалку % | Влага % | Сурово влакно до % | Пепел до % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Афион** | Зрна од афион (Papaver somniferum) | 19 | 44 | 8 | 5 | 6.5 |
| 2 | **Какао** | Зрна од какао (Theobroma cacao) | 23 | 16 | 8 | 5 | 6 |
| 3 | **Кикирики** | Зрна од кикирики (Arachis hypogea) | 31 | 42 | 8 | 7 | 3 |
| 4 | **Коноп** | Семе од коноп (Cannabis sativa) | 20 | 15 | 10 | 26 | 10 |
| 5 | **Лен** | Семе од лен (Linum usitatissimum) | 23 | 37 | 8 | 6 | 4 |
| 6 | **Малодајна репка** | Семе од маслодајна репка (Brassica sp.) | 20 | 44 | 8 | 6.5 | 4 |
| 7 | **Памук** | Зрна од памук (Gossypium sp.) | 22 | 20 | 8 | 24 | 5 |
| 8 | **Сусам** | Зрна од сусам (Sesamum indicum) | 20 | 46 | 8 | 7 | 6.8 |
| 9 | **Сончоглед** | Семе од сончоглед (Helianthus annuus) | 15 | 33 | 8 | 30 | 4 |
| 10 | **Тиква** | Семки од тиква (Cucurbita maxima, Cucurbita melanosperma, Cucurbita moshata i dr.) | 17 | 19 | 48 | 9 | 2 |

2.2 Храна за животни од прехранбена индустрија

Член 10

(1) Производите и споредните производи од мелничарството кои се ставаат во промет како храна за животните треба да ги исполнуваат следните стандарди за квалитет

| Реден број | Вид на производи и споредни производи | Опис | Сурови протеини најмалку % | Сурова маст до % | Влага најмногу до % | Скроб најмалку % | Сурово влакно најмногу % | Пепел најмногу % | Пепел нерастворлив во HCl најмногу % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Пченично крмно брашно | Производ добиен со мелење на пченица. Боја светло кафена до црвенкасто жолта без горчлив вкус, соодветна температура и мирис; 95% од масата да поминува низ сито со квадратни отвори од 1mm, а остатокот низ сито со квадратни отвори од 2mm | 14 | | 14 | 30 | 6 | 3.5 | 0.25 |
| 2 | Пченични трици | Производ добиен со мелење на пченица по одвојувањето на брашното и гризот, се состои од претежно од обвивките на зрната и од деловите на ендоспермот. Бојата е слична на бојата од пченичните зрна – светло кафена; не е горчливо; 90% од масата поминува низ сито со квадратни отвори со големина од 1.0 mm, а остатокот низ сито со квадратни отвори со големина од 4 mm. Содржи неоргански примеси до 0.5%, а органски до 0.4% | 14.8 | - | 14 | - | 11 | 5.3 | 0.25 |
| 3 | Пченични ртулци | Производ добиен со издвојување на ртулци од пченица во производство на брашно. Составена претежно од ртулци, малку брашно и трици, со светло жолта боја и мирис сличен на мирисот од пченицата | 25 | 7 | 12 | - | 3.50 | 4.4 | 0.25 |
| 4 | Пченкарно крмно брашно | Производ добиен со мелење на пченкарни зрна со светло жолта боја; мирис сличен на пченкарно зрно, без горчлив вкус и зголемена температура. | 7.5 | - | 13 | 58 | 5 | 1.3 | 0.25 |
| 5 | Пченкарни трици | Производ добиен при производство на пченкарно брашно односно пченкарен гриз. Составен е од обвивките на пченкарното зрно | 9 | - | 13 | - | 10.00 | 2.50 | 0.25 |
| 6 | Пченкарни ртулци | Производ добиен со издвојување на ртулци од пченкарното зрно, составен од ртулци и делови од обвивките на зрното и ендоспермот. | 12 | 12 | 12 | - | 8 | 4 | 0.25 |
| 7 | Ржано крмно брашно | Производ добиен со мелење на зрна од рж, со сиво кафена боја; 95% од масата поминува низ сито со квадратни отвори со големина од 1 mm, а остатокот низ сито со квадратни отвори големи 2mm | - | - | 13 | 30 | 5 | 5 | 0.25 |
| 8 | Ржани трици | Производ добиен со мелење на зрна од рж, по одвојувањето на брашното и гризот. Составен е претежно од обвивките на зрното и делови од ендоспермот, со сиво кафена до зеленкаста боја | 12 | - | 13 | - | 11 | 6 | 0.25 |
| 9 | Оризови трици | Производ добиен по лупењето на оризот. Составен од обвивки на зрното и делови на ендоспермот, бојата, вкусот и мирисот се карактеристични за нелупените оризови зрна | 10 | 5.9 | 13 | - | 13 | 10 | 1.70 |
| 10 | Немасни оризови трици | Производ добиен од оризово зрно како под точка 9, но од него е издвоена суровата маст | 13 | 8 | 12 | - | 16 | 12 | 1.70 |

(2) Производите од став (1) на овој член не треба да содржат мувла, семе од плевели и гламници.

Член 11

Споредните производи на индустријата за скроб кои се ставаат во промет како храна за животните треба да ги исполнуваат следните стандарди за квалитет:

| Реден број | Вид на производи и споредни производи | Опис | Сурови протеини најмалку % | Сурова маст до % | Влага до % | Сурово влакно до % | Пепел до % | Пепел нерастворлив во HCl до % | Каротин нјмалку Mg/kg |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Пченкарен глутен I | Производ добиен при производство на пченкарен скроб; составен од пченкарен глутен , скроб и обвивки од зрно; боја светложолта: мирис својствен за јарма; вкус умерено киселкаст | 60 | 1.9 | 13 | 3 | 2 | 0.50 | 44 |
| 2 | Пченкарен глутен II | Производ добиен при производство на пченкарен скроб; составен од пченкарен глутен , скроб и обвивки од зрно; боја светложолта: мирис својствен за јарма: вкус умерено киселкаст | 40 | 1.9 | 13 | 3.5 | 3 | 0.50 | - |
| 3 | Пченкарно глутенско брашно | Производ добиен при производство на пченкарен скроб; составен од пченкарен глутен , скроб и обвивки од зрно со поголемо присуство на ситни трици; боја светложолта; мирис својствен за јарма; вкус умерено киселкаст | 20 | 1.9 | 13 | 10 | 6 | - | 15 |
| 4 | Пченкарна дрождина | Производ добиен при производство на пченкарен скроб со мешање на глутен. крупни и ситни трици, сачми или погачи од пченкарни 'ркулци и екстракти од квасење | 17 | - | 13 | 15 | 6 | - | - |
| 5 | Пченкарна дрождина со пченкарен екстракт | Производ добиен при производство на пченкарен скроб со мешање на пченкарни трици, пченкарен екстракт и погача од пченкарни 'ркулци; боја светлокостенлива и мирис својствен на пченкарниот екстракт; со слабо кисел вкус | 14 | - | 13 | 15 | 6 | - | - |
| 6 | Пченичен глутен | Производ добиен при производство на пченичен скроб; составен претежно од пченичен глутен со мало количество на обвивки и скробно зрно; боја костенлива; мирис својствен на пченична јарма | 60 | 2 | 12 | 3 | 2 | 0.50 | - |
| 7 | Пченично глутенско брашно | Производ како под точка 6 но со повеќе скроб; органолептичките особини како под број 6 | 15 | - | 13 | - | - | - | - |

## Член 12

Производите и споредните производи на индустријата за алкохол и вриење кои се ставаат во промет како храна за животните треба да ги исполнуваат следните стандарди за квалитет:

| Реден број | Вид на производи и споредни производи | Опис | Сурови протеини најмалку % | Сурова маст до % | Влага до % | Сурово влакно до % | Пепел до % | Пепел нерастворлив во HCl до % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Исушен крмен квасец (Torula) | Производ добиен со размножување на квасни габички (Torula sp.) на различни подлоги; со светложолта до светлосива боја и мирис својствен за квасецот | 44 | 2 | 10 | 2 | 9 | 1.10 |
| 2 | Исушен крмен квасец (Sacharomyces) I квалитет | Производ добиен со размножување на квасни габички на различни подлоги (Sacharomyces); со светложолта до светлосива боја и мирис својствен за квасецот | 48 | 3.5 | 10 | 2 | 9 | 1 |
| 3 | Исушен крмен квасец (Sacharomyces) II квалитет | Производ добиен со размножување на квасни габички (Sacharomyces)во процес на постојано алкохолно вриење со светложолта до темносива боја и мирис својствен за квасецот | 40 | - | 10 | 2 | 9 | 1 |
| 4 | Исушен пивски квасец (Sacharomyces) | Прозвод добиен при производство на пиво со процедување по ферментацијата, составен од габички на пивски квасец (Sacharomyces sp.)остатоци од подлогата и производи на ферментацијата; боја од сива до црносива | 44 | - | 11 | 1 | 10 | - |
| 5 | Исушен пивски троп (требер) | Производ добиен како остаток при производство на пиво; составен еод јачменов слад и зрна од жито; со светлокостенлива боја и мирис на жито употребено за производство на пиво | 20 | - | 12 | 20 | 6 | - |
| 6 | Јачменови сладни ркулци | Производ добиен со издвојување на 'ркулци од сладот при производство на пиво, со светлокостенлива до темнокостенлива боја и без мирис на гнилеж | 20 | - | 12 | 19 | 6 | - |
| 7 | Исушен троп | Производ добиен со сушење на остатоци при производството на алкохол од суровини богати со скроб (жито, компир и др.); бојата, мирисот и вкусот се својствени за суровината од која е добиен тропот; страни примеси до 2% | - | - | 12 | - | - | - |
| 8 | Впарен меласен троп (винаса) | Производ добиен со впарување на остатоците при производство на алкохол и пекарски квасец од меласа (во пепелот 8% на калиум) | 15 | - | 35 | - | 22 | - |

## Член 13

Производите и споредните производи на индустријата за шеќер и производство на аскорбинска киселина кои се ставаат во промет како храна за животните треба да ги исполнуваат следните стандарди за квалитет:

| Реден број | Вид на производи и споредни производи | Опис | Влага до % | Сахароза најмалку % | Пепел % | Сурови протеини најмалку % | Сурово влакно до % | Пепел нерастворлив во HCl до % | PH |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Суви резанки од шеќерна репа | Исушени и излужени резанки од шеќерна репа, без мирис на киселина, мувла и гнилеж | 12 | - | 7 | 8 | 21 | 2.50 | - |
| 2 | Суви меласирани резанки од шеќерна репа | Исушени резанки од шеќерна репа со додаток на меласа, со мирис и вкус на меласа | 14 | 14 | 8 | 8.5 | 13 | 2.50 | - |
| 3 | Меласа од шеќерна репа | Производ добиен од индустријата за шеќер, со вискозна конзистенција; жолта до темнокафена боја | 21.5 | - | 10.5 | 7.5 | - | - | - |
| 4 | Шеќер, бел | Основен производ на индустријата за шеќер, со бела боја и кристална структура | 1.0 | - | - | - | - | - | - |
| 5 | Lug L сорбоза | Впарен остаток при производство на витамин Ц од кристална Д глукоза добиена со ензимска хидролиза на скроб, со темно костенлива боја и пријатен мирис | 14 | 53 | - | | | - | 4.0 - 4.80 |

Член 14

(1) Производи и споредни производи на индустријата за масло кои се користат како храна за животни се погачи, сачми и лушпи.

(2) Погачите и сачмите од став (1) на овој член кои се ставаат во промет како храна на животни треба да ги исполнуваат следните стандарди за квалитет и тоа:

- мирисот да е карактеристичен на суровината од која се произведуваат;

- да немаат мирис на гнилеж или на растворувачот со кој е вршена екстракцијата, како и да не се запалени и

- да не содржат повеќе од 1% вкупни примеси, но доколку примесите се од излупени кикиритки содржината на вкупните примеси треба да биде најмногу до 2%.

Член 15

Погачите и сачмите од член 14 став (1) од овој правилник кои се ставаат во промет како храна за животни во зависност од видот треба да ги исполнуваат следните стандарди за квалитет:

| Реден број | Вид на производи и споредни производи | Опис | Сурови протеини најмалку % | Влага до % | Сурово влакно до % | Сурова маст до % | Пепел до % | Дејство на уреаза mg N/g/min |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Погачи од соја | Производ добиен со пресување на семе од соја (Glycine hispida), со светложолта до светлокостенлива боја. Од вкупнато количество на протеини 15% треба да бидат растворливи во вода | 40 | 12 | 8 | 5 | 6 | 0.50 |
| 2 | Сачма од излупено зрно од соја I квалитет | Производ добиен со екстракција на излупено и термички обработено зрно од соја (Glycine hispida), со светложолта до светлокостенлива боја | 48 | 12 | 5 | 2 | 6 | 0.50 |
| 3 | Сачма од делумно излупено зрно од соја I квалитет | Производ добиен со екстракција на термички обработено зрно од соја (Glycine hispida), со светложолта до светлокостенлива боја. Од вкупното количество на протеини 15% треба да бидат растворливи во вода | 44 | 12 | 7 | 2 | 7 | 0.50 |
| 4 | Сачма од неизлупено семе од соја II квалитет | Производ добиен со екстракција на термички обработено зрно од соја(Glycine hispida) | 40 | 12 | 9 | 2 | 8 | 0.50 |
| 5 | Погача од излупено семе од сончоглед | Производ добиен со пресување на излупено семе од сончоглед (Heliantus annus), со сива до темносива боја | 38 | 12 | 16 | 5 | 8 | - |
| 6 | Погача од делумно излупено семе од сончоглед | Производ добиен со пресување на делумно излупено семе од сончоглед (Heliantus annus),со сива до темносива боја | 27 | 12 | 27 | 7 | 6 | - |
| 7 | Сачма од излупено семе од сончоглед | Производ добиен со екстракција на целосно излупено семе од сончоглед; боја костенлива до сивокостенлива | 44 | 12 | 10 | 4 | 8 | - |
| 8 | Сачма од делумно излупено семе од сончоглед | Производ добиен со екстракција на делумно излупено семе од сончоглед) (Heliantus annus) | 33 | 12 | 18 | 2 | 8 | - |
| 9 | Сачма од неизлупено семе од сончоглед | Производ добиен со екстракција на неизлупено семе од сончоглед (Heliantus annus) | 24 | 12 | 25 | 4 | 8 | - |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | Погача од маслодајна репа | Производ добиен со пресување на семе од маслодајна репа(Brassica napus oleifera, Brassica napus L. var. glauca) и репка огрштица (Brassica rapa oleifera); боја зелено жолта: ботаничка чистота најмалку 94% | 27 | 12 | 12 | 7 | 8 | - |
| 11 | Сачма од маслодајна репа | Производ добиен со екстракција на маслодајна репа со намален удел на глукозинолат до 30 mmol/kg. Ботаничка чистота најмалку 94% | 34 | 12 | 12 | 2 | 9 | - |
| 12 | Погача од семе од тиква | Производ добиен со пресување на излупено семе од тиква (Cucurbita maxima, Cucurbita melanosperma, Cucurbita moshata и др.) | 49 | 12 | 7 | 5 | 8 | - |
| 13 | Сачма од семе од тиква | Производ добиен со екстракција на излупено и делумно излупено семе од тиква | 45 | 12 | 14 | 4 | 9 | - |
| 14 | Погача од излупено семе од кикирики | Производ добиен со пресување на излупено семе од кикиритки (Arachis hypogea) | 45 | 12 | 8 | 5 | 5 | - |
| 15 | Погача од делумно излупено семе од тиква | Производ добиен со пресување на делумно излупено семе од кикиритки | 37 | 12 | 16 | 5 | 5.6 | - |
| 16 | Сачма од излупени кикирики | Производ добиен со екстракција на масло од излупено семе од кикиритки | 48 | 12 | 8 | 2 | 7.2 | - |
| 17 | Сачма од делумно излупени кикирики | Производ добиен со екстракција на масло од делумно излупено семе од кикиритки | 40 | 12 | 16 | 2 | 5 | - |
| 18 | Погача од семе од памук | Производ добиен со пресување на јатките од памуковото семе (Gossypum vitifolium, Gossypum hirsutum)боја жолта до зеленкасто кафена, со најмногу 1200 mg/kg госипол | 40 | 12 | 13 | 5 | 6 | - |
| 19 | Погача од делумно излупено семе од памук | Производ добиен со пресување на делумно излупено семе од памук | 32 | 12 | 22 | 5 | 6 | - |
| 20 | Сачма од семе од памук | Производ добиен со екстракција на масло од излупено семе од памук, со најмногу 1200 mg/kg госипол | 41 | 12 | 13.5 | 4 | 5.5 | - |
| 21 | Сачма од делумно излупено семе од памук | Производ добиен со екстракција на масло од делумно излупено семе од памук, со најмногу 1200 mg/kg госипол | 34 | 12 | 23 | 4 | 6.5 | - |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 22 | Сачма од неизлупено семе од памук | Производ добиен со екстракција на масло од неизлупено семе од памук, со најмногу 1200 mg/kg госипол | 25 | 12 | 30 | 6 | 5.0 | - |
| 23 | Погача од семе од лен | Производ добиен со пресување на семе од лен (Linum usitatissimum) со светложолта до светлокостенлива боја; ботаничка чистота 93% | 31 | 12 | 9 | 5 | 7 | - |
| 24 | Сачма од семе од лен | Производ добиен со екстракција на семе од лен со светложолта до светлокостенлива боја. Содржина на примеси најмногу 7%; ботаничка чистота 93% | 33 | 12 | 9 | 2 | 6 | - |
| 25 | Погача од пченкарни ркулци добиени со влажна постапка | Производ добиен со пресување на пченкарни 'ркулци (Zea mays) со влажна постапка при производство на скроб. Содржи делови од ендоспермот и лушпата; боја | 18 | 12 | 8 | 4 | 3 | - |
| 26 | Погача од пченкарни ркулци добиени со сува постапка | Производ добиен со пресување на изртени пченкарни 'ркулци со сува постапка во присуство на остатоци од ендоспермот и лушпата; боја жолтокостенлива, содржи 35% скроб | 10 | 12 | 7 | 4 | 8 | - |
| 27 | Сачма од пченкарни ркулци добиени со влажна постапка | Производ добиен со екстракција на пченкарни 'ркулци со влажна постапка; боја жолтокостенлива | 19 | 12 | 9 | 2 | 3 | - |
| 28 | Сачма од пченкарни ркулци добиени со сува постапка | Производ добиен со екстракција на пченкарни 'ркулци со сува постапка; содржи 35% скроб | 11 | 12 | 8 | 2 | 4 | - |
| 29 | Погача од семе од афион | Производ добиен со пресување на семе од афион (Papaver rhoeas; боја сива до костенлива | 35 | 12 | 15 | 5 | 11 | - |
| 30 | Сачма од семе од афион | Производ добиен со екстракција на семе од афион (Papaver rhoeas) | 38 | 12 | 16.5 | 4 | 12.5 | - |
| 31 | Погача од семе од сусам | добиен со пресување на сусамово семе (Sesamum imadicum),со светложолта боја | 38 | 12 | 6.5 | 5 | 11 | - |
| 32 | Сачма од семе од сусам | Производ добиен со екстракција на сусамово семе (Sesamum imadicum),со светложолта боја | 40 | 12 | 6.5 | 2 | 11 | - |
| 33 | Сачма од пченични ркулци | Производ добиен со екстракција на пченични 'ркулци | 25 | 12 | - | - | 6 | - |

2.3 Споредни производи од дехидрирана кабаста храна

Член 16

Сушените растителни производи кои се ставаат во промет како храна за животните треба да ги исполнуваат следните стандарди за квалитет:

| Реден Бр. | Видови на растителни производи | Опис | Сурови Протеини најмалку % | Влага до % | Сурово Влакно до % | Сурова Маст до % | Пепел до % | Каротин Најмалку mg/kg |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Брашно од листови на луцерка I квалитет | Производ добиен со сушење и мелење на лисјата од млада луцерка (Medicago sativa) со умерено присуство на стебленца, стабилизиран со антиоксиданс; боја светлозелена. Иситнетост таква што 94% од брашното поминува низ сито со квадратни отвори со големина 1.6 mm, а остатокот низ сито со квадратни отвори со големина од 4 mm. | 20 | 10 | 20 | 3.5 | 11 | 123 |
| 2 | Брашно од луцерка I квалитет | Производ добиен со вештачко сушење и мелење на стеблата и лисјата од млада луцерка (Medicago sativa; боја светлозелена, без страни мириси. Иситнетост тшто 94% од брашното по аква минува низ сито со квадратни отвори со големина 1.6 mm, а остатокот низ сито со квадратни отвори со големина од 4 mm. Содржината на примесите од другите растенија кои растеле со луцерката може да биде најмногу 10% | 17 | 10 | 24 | 3 | 10 | 110 |
| 3 | Брашно од луцерка II квалитет | Производ добиен со мелење на природно исушено сено од луцерка, боја светлозелена до зеленожолта; иситнетост како под точка 1. Содржина на примеси од други растенија кои растеле со луцерката до 10 %. | 15 | 12 | 26 | 2.5 | 9 | 63 |
| 4 | Груба фракција на исушена луцерка III квалитет | Производ добиен со мелење на стеблата од луцерка, со жолтокостенлива боја | 14 | 10 | 30 | 2 | 9 | 45 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Брашно од трева | Производ добиен со сушење и мелење на млади треви кои заедно растеле. Боја светлозелена, иситнетост како под број 1. | 14 | 12 | 22 | 3.5 | 13 | 140 |
| 6 | Тапиока (Manioka; Cassava) | Сушени и претходно измиени производи од кртоли (брашно од маниока, пелети и др.). Боја сива до сиво кафена со најмалку 70% скроб | 1 | 14 | 5 | 1.3 | 2.1 | - |
| 7 | Сушена Комина од грозје | Производ добиен со сушење на остатокот добиен при преработката на грозјето во вино; боја костенлива | 10 | 10 | 24 | 8 | 9 | - |
| 8 | Брашно од грашок | Производ добиен со сушење на растение од грашок заедно со плодовите; боја светлозелена до светлокостенлива | 14 | 10 | 26 | 1.6 | 4 | - |
| 9 | Брашно од растение од грашок | Производ добиен со сушење и мелење на грашокот по издвојување на зрната. Боја светлозелена до светокостенлива со најмалку 30% безазотни екстрактивни материи | 12 | 12 | 30 | 2.5 | 7.6 | - |
| 10 | Брашно од растение од соја | Производ добиен со сушење и мелење на стеблото, листовите и плодовите од зеленото растение на соја; боја зелена до темнозелена | 15 | 12 | 25 | 5.4 | 13 | - |
| 11 | Брашно од крмен кељ | Производ добиен со сушење и мелење на младо растение од крмен кељ; боја зелена до темнозелена | 15 | 12 | 24 | 4.5 | 15 | - |
| 12 | Желад, дабов | Производ добиен од исушен дабов желад, со лушпа | 5.8 | 12 | 12 | 2.5 | 4.5 | - |
| 13 | Желад, буков | Производ добиен од исушен буков желад, со лушпа | 13 | 12 | 16 | 4 | 25 | |

2.4 Храна за животни од животинско потекло

Член 17

(1) Рибиното брашно кое претставува производ добиен со сушење и мелење на риби и делови од риби треба да ги исполнува следните стандарди за квалитет и тоа:

- бојата да биде костенлива до темнокостенлива;

- да има мирис на риба без запаленост; и

- иситнетоста треба да биде таква што 90% од брашното да има поминато низ сито со квадратни отвори со големина од 1.6 mm, а остатокот низ сито со квадратни отвори со големина од 4 mm.

(2) Рибиното брашно од став (1) на овој член во зависност од составот треба да ги исполнува следните стандарди за квалитет:

| Опис на производот | Влага до % | Хемиски состав. % од сувата материја | | | | Пепел нерастворлив во HCl | NaCl до % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Сурови протеини | Сурова маст | Пепел | Сурово влакно | | |
| 1. Рибино брашно (>60% суров протеин и до 3% сурова маст) | 10 | 65.5 | 2.0 | 28.0 | 0 | 2.2 | 4 |
| 2. Рибино брашно (>60% суров протеин и од 3 до 7% сурова маст) | 10 | 64.5 | 6.5 | 25.5 | 0 | 2.2 | 4 |
| 3. Рибино брашно (>65% суров протеин и до 3% сурова маст) | 10 | 71.0 | 2.0 | 25.5 | 0 | 2.2 | 4 |
| 4. Рибино брашно (>65% суров протеин и од 3 до 7% сурова маст) | 10 | 69.0 | 6.5 | 22.0 | 0 | 2.2 | 4 |
| 5. Рибино брашно (>65% суров протеин и над 7% сурова маст) | 10 | 70.0 | 13.5 | 16.5 | 0 | 2.2 | 4 |
| 6. Рибино брашно (>67% суров протеин и до 3% сурова маст) | 10 | 73.5 | 2.0 | 21.0 | 0 | 2.2 | 4 |
| 7. Рибино брашно (>67% суров протеин и од 3 до 7% сурова маст) | 10 | 73.5 | 6.5 | 19.0 | 0 | 2.2 | 4 |
| 8. Рибино брашно (>67% суров протеин и над 7% сурова маст | 10 | 73.5 | 9.5 | 16.0 | 0 | 2.2 | 4 |
| 9. Рибино брашно од харинга, Норвешка | 8 | 79.0 | 11.5 | 9.5 | 0 | 2.2 | 2.5 |
| 10.Рибино брашно од харинга, Норвешка | 8 | 75.0 | 11.0 | 14.0 | 0 | 2.2 | 2.5 |
| 11.Рибино брашно од харинга, Данска | 8 | 78.0 | 11.0 | 11.0 | 0 | 2.2 | 2.5 |

Член 18

(1) Брашното од отпадоци добиени при колење и преработка на месо од живина кое се става во промет како храна за животни треба да ги исполнува следните стандарди за квалитет:

| Реден број | Производ | Влага во % | Хемиски состав, % од сувата материја | | | | NaCl до % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Сурови протеини | Сурова маст | Пепел | Сурово влакно | |
| 1 | Хидролизиран пердув | 10 | 86 | 6 | 2 | 0 | - |
| 2 | Живинско брашно од кланични отпадоци, без пердув | 10 | 71 | 7 | 18 | 1.5 | 2 |
| 3 | Живинско брашно од кланични отпадоци со висока застапеност на маст | 10 | 64 | 23 | 11 | 0.5 | 2 |

(2) Производите добиени од отпадоците од живина од став (1) на овој член треба да бидат така иситнети така што 95% од нив да имаат поминато низ сито со квадратни отвори со големина од 1.6 mm, а остатокот да има поминато низ сито со квадратни отвори со големина од 4 mm.

Член 19

(1) Месните брашна, месно-коскените брашна и месно-кожното брашно кои се ставаат во промет како храна на животни треба да ги исполнуваат следните стандарди за квалитет:

| Реден број | Производ | Влага до % | Хемиски состав, % од сувата материја | | | | NaCl до % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Сурови протеини | Сурова маст | пепел | Сурово влакно | |
| 1 | Месно брашно | 10 | 63 | 8.5 | 25.5 | - | 4 |
| 2 | Месно брашно со намалена застапеност на масти | 10 | 66 | 4.5 | 25 | - | 4 |
| 3 | Месно брашно со зголемена застапеност на масти | 10 | 62 | 10.5 | 20.5 | - | 4 |
| 4 | Месно брашно со зголемена застапеност на масти 2 | 10 | 68 | 11.5 | 16.5 | 0.5 | 4 |
| 5 | Месно брашно со зголемена застапеност на масти 3 | 10 | 61 | 15 | 20 | - | 4 |
| 6 | Месно-коскено брашно | 10 | 52 | 11 | 34.5 | - | - |
| 7 | Месно-коскено брашно со висока застапеност на масти | 10 | 46 | 22 | 32.5 | - | - |
| 8 | Месно-кожно брашно | 10 | 86 | 8 | 5 | - | 4 |

(2) Иситнетоста на месното брашно, месно-коскеното брашно и месно-кожното брашно од став (1) на овој член треба да биде таква да 95% од масата да има поминато низ сито со квадратни отвори од 1.6 mm, а остатокот да низ сито со квадратни отвори од 4 mm.

Член 20

Крвното брашно, плазмата, брашното од црн дроб кои се употребуваат за исхрана на животни треба да ги исполнуваат следните стандарди за квалитет:

| Реден број | производ | Влага до % | Хемиски состав, % од сувата материја | | | | NaCl |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Сурови протеини | Сурова маст | пепел | Сурово влакно | |
| 1 | Крвно брашно | 10 | 94 | 1 | 4.5 | - | - |
| 2 | Плазма, свинска | 10 | 70 | - | - | - | |
| 3 | Брашно од црн дроп | 11 | 73 | 20 | 3.5 | - | - |

Член 21

Полномасното и обраното млеко, сурутката, албуминот и казеинот кои се употребуваат за исхрана на животни треба да ги исполнуваат следните стандарди за квалитет:

| Реден број | Вид на производи | Опис | Сурови протеини најмалку % | Влага до % | Сирови масти до % | Пепел до % | Пепел нерастворлив во HCl до % | Лактоза најмалку % | NaCl до % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Полномасно млеко во прав | Производ добиен со испарување на вода од необрано млеко. Боја жолтеникава; мирис својствен за млеко | 25 | 5 | 26 | 6 | - | - | - |
| 2 | Обрано млеко во прав | Производ добиен со испарување на вода од обрано млеко. Боја жолтеникава; мирис карактеристичен за млеко | 33 | 5 | - | 8 | 0.50 | - | - |
| 3 | Сурутка во прав | Производ добиен со испарување на вода од сурутка. Боја бела до светложолта; мирис карактеристичен за сурутка | 11 | 8 | 1 | 8 | 0.50 | 60 | 6 7 |
| 4 | Делакторирана сурутка во прав | Производ добиен со издвојување на лактоза од сурутка со сушење. Боја жолтокостенлива; мирис на свежа сурутка | 18 | 8 | 1 | 20 | 0.50 | 30 | 4 |
| 5 | Сурутка збогатена со протеини од соја | Производ добиен со ензимска обработка на сурутка и соино брашно; дејство на уреаза 0.2 mgN/g/min | 35 | 8 | 3 | 8 | - | 45 | 3 |
| 6 | Лактоалбумин | Производ добиен по таложење на казеин и лактоалбумин од млеко и сушење. Боја бела до светложолта | 70 | 12 | - | 25 | - | - | - |
| 7 | Казеин | Производ добиен со таложење на млекото со помош на киселина или ензим. Боја бела до светложолта | 75 | 12 | - | - | - | - | - |

Член 22

Животинските масти (мешани масти, живинска маст, говедска лој и свинска маст) кои се ставаат во промет како храна на животни, треба да ги исполнуваат следните стандарди за квалитет:

| Реден број | производ | Масни киселини (% од маста, како метил естер) | | | | | | Киселински степен до |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | S 14: 0 | S 16 : 0 | S 18 : 0 | S 18 : 1 | S 18 : 2 | S 18 : 3 | |
| 1 | Животинска маст 1 мешана | 2 | 21 | 13 | 38 | 9 | 1 | 45 |
| 2 | Животинска маст 2 мешана | 2 | 21 | 15 | 38 | 6 | 1 | 45 |
| 3 | Животинска маст | 1 | 18 | 5 | 42 | 20 | 1 | 45 |
| 4 | Говедска лој | 2 | 23 | 17 | 32 | 4 | 1 | 45 |
| 5 | Свинска маст | 2 | 23 | 13 | 35 | 8 | 1 | 45 |
| 6 | Рибино масло | - | - | - | - | - | - | 120 |

2.5 Храна за животни со додаток на непротеински азотни соединенија

Член 23

(1) Храната за животни со додаток на непротеински азотни соединенија треба да содржи материи кои со своите физички и хемиски својства ја намалуваат токсичноста на уреата, амонијакот и другите азотни соединенија и овозможуваат нивно подобро искористување.

(2) Содржината на влагата во храната за животни од став (1) на овој член не треба да биде поголема од 12%.

(3) Во производството на храната за животни од став (1) на овој член треба да се употребуваат следните видови и количина на азотни соединенија:

1) амониум ацетат [CH3COONH4], кој се употребува како прав со бела боја и содржи најмалку 18% азот. Иситнетоста на амониум ацетат треба да биде таква да низ сито со квадратни отвори со големина од 1 mm да минуваат најмалку 98% од честиците, а низ сито со квадратни отвори со големина од 0.5 mm да минуваат најмалку 92% од честиците;

2) амониум бикарбонат [NH4HCO3], кој се употребува како прав со бела боја е со солен вкус и содржи најмалку 17.5% азот. Иситнетоста на амониум бикарбонатот треба да биде таква што низ сито со квадратни отвори со големина 1 mm да минуваат најмалку 98% од честиците, а низ сито со квадратни отвори со големина од 0.5 mm да минуваат најмалку 92% од честиците;

3) амониум сулфат [$(NH_4)_2SO_4$], кој се става во промет во вид на прав со бела боја е со солен вкус и содржи 21% азот. Иситнетоста треба да биде таква да низ сито со квадратни отвори со големина 1 mm минуваат најмалку 98% од честиците на амониум сулфатот, а низ сито со квадратни отвори со големина од 0.5 mm да минуваат најмалку 92% од честиците;

4) биурет [$C_2H_5O_2N_3$] кој се става во промет во вид на бел прав (гранули) и треба да содржи најмалку 35% азот;

5) моноамониумфосфат [$NH_4H_2PO_4$] кој треба да содржи 10% азот и 23% фосфор;

6) диамониумфосфат [$(NH_4)_2HPO_4$ ] кој треба содржи 18% азот и 22% фосфор;

7) уреа (карбамид [$CO(NH_2)_2$], која се употребува како храна за животни е со бела боја, без мирис, а содржината на влага не треба да надминува 0.5%. Кај гранулираната уреа треба низ сито со квадратни отвори со големина од 1 mm да имаат поминато 90% од гранулите, а низ сито со квадратни отвори со големина од 0.5 mm најмногу 20% од гранулите. Содржината на азот во уреата треба да биде најмалку 42% пресметано на сувата материја, односно протеинскиот еквивалент треба да биде најмалку 262.5 (N x 6.25).

2.6 Минерална храна за животни

Член 24

Минералната храни за животни која се става во промет како храна за животни треба да ги исполнува следните стандарди за квалитет:

| Реден број | Вид минерални крмива | Опис | Услови на квалитет |
|---|---|---|---|
| 1 | Коскено брашно | Производ добиен со индустриска преработка на коски од кои се отстранети суровите масти и колагенот | Боја бела до светложолта;<br>Иситнетоста треба да биде таква што 95% од брашното поминува низ сито со квадратни отвори со големина од 0.4 mm, а остатокот низ сито со квадратни отвори со големина од 1mm;<br>Содржина на фосфор најмалку12%<br>Односот на Ca:P < 2.2:1<br>Влага до 10%<br>Сурови масти до 2% |
| 2 | Камена добиточна сол | Мешана камена сол | Иситнетоста треба да биде таква што 95% од солта да поминува низ сито со квадратни отвори со големина од 0.4 mm, а остатокот низ сито со квадратни отвори со големина од 1 mm.<br>Содржина на натриум најмалку 38%<br>Содржина на влага до 2%<br>Јод во облик на калиум јодид 0.0038% |
| 3 | Морска добиточна сол | Мелена морска сол | Иситнетоста на мелената сол треба да биде таква што 95% од брашното да поминува низ сито со квадратни отвори со големина од 0.4 mm, а остатокот низ сито со квадратни отвори со големина од 1 mm;<br>Содржина на натриум најмалку 35%<br>Содржина на влага до 6% |
| 4 | Калциум-лактат | Технички чист калциум-лактат | Чистота на производот 97%<br>Содржина на Ca најмалку 12% |
| 5 | Калциум-калгонат | Технички чист калциум-глуконат | Чистота на производ 97%<br>Содржина на Ca најмалку 8.5% |
| 6 | Креда ( варовник ) | Производ добиен со мелење на креда и школки | Боја, бела до светлосива<br>Содржината на калциум најмалку 36%<br>Содржината на магнезиум до 1%<br>Содржината на влага до 2%<br>Содржината на други примеси до 1%<br>Иситнетоста да биде таква да производот поминува низ сито со квадратни отвори со големина од 0.2 mm. За кокошките несилки иситнетоста треба да биде таква што 35% од кредата да поминува низ сито со квадратни отвори од 2 mm, а остатокот низ сито со квадратни отвори со големина од 4 mm |
| 7 | Суров крмен фосфат | Производ добиен со мелење на природни фосфати од кои е отстранет флуор, составен претежно од трикалциум фосфат | Содржина на фосфат растворлив во HCL најмалку 14%<br>Содржина на калциум најмалку 22%<br>Содржина на флуор до 0.2% |
| 8 | Трикалциум-диортофосфат | Технички чист трикалциум-фосфат $Ca_3(PO_4)_2$ | Содржина на фосфор најмалку 18%<br>Содржина на калциум до 35%<br>Содржина на флуор до 0.2% |
| 9 | Калциум-хидрогенфосфат-дихитратад | Технички чист дикалциумфосфат $CaHPO_4 \times 2\ H_2O$ | Иситнетоста треба да биде таква што низ сито со квадратни отвори со големина од 0.71 mm да поминува 60%, низ сито со квадратни отвори од 0.5 mm поминува 95%, а низ сито со квадратни отвори со големина од 1 mm поминува 100% од производот.<br>Содржина на калциум најмалку 21%<br>Содржина на фосфор растворлив во HCL најмалку 16%<br>Односот на Ca:P < 1.15:1<br>Флуор до 0.2%; NaCl до 1% |
| 10 | Калциум тетрахидроген диортофосфат монохидрат | Технички чист монокалциум фосфат $CaH_4(PO_4)_2 \times H_2O$ | Содржина на фосфор најмалку 22%<br>Содржина на калциум најмалку 15 %<br>Односот на Ca:P > 0.8:1<br>Флуор до 0.2% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11 | Натриум дихидроген ортофосфат дихидрат | Технички чист мононатриум фосфат $NaH_2PO_4 \times 2 H_2O$ | Содржина на натриум најмалку 13%<br>Содржина на фосфор најмалку 19%<br>Содржина на флуор до 0.2%<br>Чистота 95% |
| 12 | Динатриум хидроген ортофосфат додекадихидрат | Технички чист динатриум фосфат $Na_2HPO_4 \times 12 H_2O$ | Содржина на натриум најмалку 11%<br>Содржина на фосфор најмалку 8%<br>Содржина на флуор до 0.30%<br>Чистота 95% |
| 13 | Тринатриум ортофосфат | Технички чист тринатриум ортофосфат $Na_3PO_4$ | Содржина на натриум најмалку 24%<br>Содржина на фосфор најмалку 10%<br>Содржина на флуор до 0.30%<br>Чистота 95% |
| 14 | Магнезиум-тетрахидроген-диортофосфат-трихидрат | Технички чист Магнезиум-тетрахидроген-диортофосфат-трихидрат $[MgH_4(PO_4)_2 \times 3H_2O]$ | Содржина на фосфор најмалку 21%<br>Содржина на магнезиум најмалку 8% |
| 15 | Тримагнезиум-диортофосфат-пентахидрат | Технички чист Тримагнезиум-диортофосфат-пентахидрат $[Mg_3(PO4)2 \times 5 H_2O]$ | Содржина на фосфор најмалку 22%<br>Содржина на магнезиум најмалку 25% |
| 16 | Натриум магнезиум фосфат | Технички чист натриум магнезиум фосфат $NaMgPO_4$ | Содржина на фосфор најмалку 17%<br>Содржина на натриум најмалку 8%<br>Содржина на магнезиум најмалку 8% |
| 17 | Магнезиум оксид | Технички чист магнезиум оксид MgO | Содржина на магнезиум најмалку 50% |
| 18 | Сулфур | Технички чист сулфур | чистота 97% |
| 19 | Магнезиум карбонат | Технички чист магнезиум карбонат $MgCO_3$ | Содржина на магнезиум најмалку 26%<br>чистота 95% |
| 20 | Магнезиум дихлорид хексахидрат | Технички чист магнезиум дихлорид хексахидрат $MgCl_2 \times 6 H_2O$ | Содржина на магнезиум најмалку 11%<br>чистота 95% |
| 21 | Магнезиум сулфат хептахидрат | Технички чист магнезиум сулфат хептахидрат $MgSO_4 \times 7H_2O$ | Содржина на магнезиум најмалку 9% |
| 22 | Моноамониум фосфат | $NH_4H_2PO_4$ | Содржина на фосфор најмалку 23%<br>Содржина на азот 10%<br>Содржина на флуор до 0.30%<br>Содржина на калциум до 1% |
| 23 | Диамониум фосфат | $[NH_4]_2HPO_4$ | Содржина на фосфор најмалку 22%<br>Содржина на азот 18%<br>Содржина на флуор до 0.30%<br>Содржина на калциум до 1% |

3. Додатоци на храната за животни

Член 25

Дозволените количини на додатоците во храната за животни треба да бидат во согласност со количините на додатоци во храната за животни утврдени во Регистарот на одобрени адитиви за храната за животни, што го води Агенцијата за храна и ветеринарство согласно член 43 став 5 од Законот за безбедност на храната за животни.

4. Мешана храна за животни

4.1 Премикси

Член 26

(1) Премиксите можат да се ставаат во промет како премикси за одделни видови на животни или како премикси за сите видови на животни.

(2) Премиксите кои служат за изработка на потполни и дополнителни крмни смеси треба да се произведуваат согласно производната спецификација.

(3) Носач во премиксот може да биде секоја суровина за храна на животни или мешавина на суровини за храна на животни која е пропишана со овој правилник.

(4) Носачот во премиксот треба да го исполнува следното и тоа:

а) носачот треба да ја одржува стабилноста и да ги подобрува својствата на состојките на премиксите;

б) изборот на носачот да зависи од гранулацијата, насипната маса, проточноста и електролитските карактеристики на состојките на премиксите; и

в) носачот не треба да:

- биде хигроскопен;

- содржи супстанции инкопатибилни со состојките на премиксите;

- предизвикува хемиска нестабилност на состојките на премиксите; и

- предизвикува спонтана хемиска реакција на состојките на премиксите.

(5) Премиксот треба да биде хомогено измешан со состојката, која се меша во однос

1:100 000 со коефициент на варијација од најмногу до 5%.

4.2 Потполни крмни смеси

Член 27

Потполните крмни смеси за исхрана на свињи кои се ставаат во промет може да бидат следните:

- замена на млеко за прасиња на возраст до 21 ден (СЗМП);

- крмна смеса за рано одбиени прасиња до 10 kg жива маса (СП-1);

- крмна смеса за прасиња 10-20 kg жива маса (СП-2);

- крмна смеса за прасиња во растење 20-30 kg жива маса (СП-3);

- крмна смеса за свињи во растење и гоење до 60 kg жива маса (ССРГ-1);

- крмна смеса за свињи во гоење над 60 kg жива маса (ССРГ-2);

- крмна смеса за спрасни маторици и приплодни назимки (ССМПН); и

- крмна смеса за маторици доилки и нерези (СМДН).

Член 28

(1) Потполните крмни смеси за исхрана на свињи кои се ставаат во промет треба да ги исполнуваат следните стандарди за квалитет:

Табела А

